Australian Government

BE COVIDSAFE

# КОВИД–19: ПРЕПОЗНАВАЊЕ НА СИМПТОМИТЕ

| Симптоми | КОВИД-19<br>Симптомите се движат од благи до сериозни | Настинка<br>Постепена појава на симптоми | Грип<br>Ненадејна појава на симптоми | Алергии*<br>Може да биде нагол или постепен почеток на симптоми |
|---|---|---|---|---|
| **Треска** | Обично | Ретко | Обично | Не |
| **Кашлица** | Обично | Обично | Обично | Обично (астма) |
| **Болно грло** | Понекогаш | Обично | Понекогаш | Понекогаш (пецкање на грлото и непцето) |
| **Отежнато дишење** | Понекогаш | Не | Не | Обично (астма) |
| **Замор** | Понекогаш | Понекогаш | Обично | Понекогаш |
| **Телесни болки** | Понекогаш | Не | Обично | Не |
| **Главоболки** | Понекогаш | Обично | Обично | Понекогаш |
| **Нос што „тече“ или затнат нос** | Понекогаш | Обично | Понекогаш | Обично |
| **Пролив** | Ретко | Не | Понекогаш, особено кај деца | Не |
| **Кивање** | Не | Обично | Не | Обично |

Адаптирано од материјал што го подготвиле: Светската здравствена организација (WHO); Американските центри за контрола и превенција на болести; Американската академија за алергија, астма и имунологија. *Респираторните алергии вклучуваат алергиски ринитис (поленска треска) и алергиска астма. Други вообичаени симптоми на поленска треска вклучуваат јадеж на носот и јадеж и насолзени очи. Многу е тешко да се направи разлика помеѓу симптомите на КОВИД-19, грип и настинка. Ако имате какви било инфективни или респираторни симптоми (како што се болки во грлото, главоболка, треска, отежнато дишење, болки во мускулите, кашлица или течење на носот) не одете на работа. Треба да се самоизолирате и да ве прегледа професионално медицинско лице. Треба да бидете сигурни дека луѓето за кои се грижите се заштитени и безбедни. Лицата кои имаат симптоми на респираторна алергија, како што се алергиски ринитис (поленска треска) и алергиска астма, треба да останат дома и да се тестираат за КОВИД-19 штом ќе ги почувствуваат првите симптоми, и ако имаат симптоми кои се неочекувани, се чинат поинакви или се полоши од вообичаеното, или не реагираат на нивните вообичаени лекови.

За повеќе информации во врска со **коронавирусот (КОВИД-19)**, одете на интернет-страница **health.gov.au**

Посетете ја страницата **www.health.gov.au/resources/translated** или за услуги за преведување и толкување, јавете се на **131 450.**

DTDT0001045